8. Да не јаде месо цел живот. Ова е строга забрана на планината Атос, па дури и во случај на болест не му е дозволено да го прекрши овој закон. Меѓутоа, монасите што патуваат, во случај на болест, можат да јадат месо доколку тоа им го препорача лекар.

На планината Атос е дозволено во недела, вторник, четврток и сабота да се послужат со јајца, путер, сирење и риба. Другите денови ниедно од овие нешта не смее да се употреби, па дури и никаков вид пијалак, освен вода. Другите денови тие имаат само вечера што се состои од парче леб и малку вода што ја пијат пред самата врата на црквата; оттука одат на молење и, најпосле, се враќаат во своите ќелии, каде што се повлекуваат во голема тишина. Доколку има некој болен, во години или слично, а кој доаѓа првпат од некое патување, има право да појде на јадење во заедничката трпезарија.

За подобро управување на манастирот, игуменот оди лично во секоја ќелија придружен со неколкумина постари калуѓери и, доколку најде некој надвор од неговата ќелија или двајца во една иста ќелија, по три строги предупредувања, ако ова се повтори, тоа веќе претставува голем престап. Помладите калуѓери се плашат од оваа ноќна инспекција не заборавајќи ја изреката на свети Павле всадена во нивните души.

Закопот на мртовецот е скоро сличен на оној опишан во Самос, само со мала разлика што, една година по закопот, тие го вадат трупот, го измиваат со вино и го ставаат во гробницата над која го одбележуваат името на покојниот.

(112) Покрај овие знаменитости, има и друга многу важна работа на планината Атос, а тоа е што на една парцела земјиште во површина од 160 милји, каде што постојано живеат најмалку 6 000 луѓе, не смее да биде видена ниедна жена.“

*П. Митрески*:

## КРАТОК ОПИС НА НЕКОИ НОВИ ОТКРИЕНИ РАКОПИСИ ВО МАНАСТИРИТЕ СВ. ЈОВАН БИГОРСКИ И СВ. ПРЕЧИСТА, КИЧЕВСКА

Во 1968 година Историскиот архив од Охрид, со помошта на преставници од Величката епархија од Охрид и Архивот на Македонија, успеа да открие, да прибере под заштита ретки старословенски ракописи, кои, секој за себе, преставуваат своевиден културен споменик и реткост за Македонија. Во манастирот Св. Јован Бигорски се пронајдени десет ракописи, а во манастирот Св. Пречиста, Кичевска уште седум.

Манастирот Св. Јован Бигорски, што се наоѓа близу до Дебар, во живописната долина на реката Радика, ставен под Законот за заштита на културните споменици, — е прочуен со својата резба од дебарските мајстори, во манастирската ретка библиотека пронајдовме мошне ретки старословенски ракописни книги што датираат од почетокот на XVI до крајот на XIX век.

Просторов не ни дозволува за секој ракопис да дадеме подетален опис, но само евидентно ќе изнесеме некои поважни податоци што ги содржат, како што следува:

Како прва, можеби и најинтересна ракописна книга е „Парусиа од деборскіи моностир светому и Јоанну предтече". Оваа книга, всушност е препис од еден постар ракопис, чиј препис е извршен во 1833 година. Впрочем, тоа го потврдува уште на првата страна и следниот запис: „Сей велики поменикъ преведесја одъ старо на ново во дебарскіи моностиръ свјетому Іωанну въ лјета 1833 во времја Игумена Арсенија архимандрита. Пйсалъ смирени Данилъ монахъ Зуграфъ синъ Михаиловъ од Самаринъ".

Записите на сите имиња по села и градови што се забележани од повеќе краишта на Македонија и надвор од неа се забележувани до 1885 а потоа поединечно до 1905 година. Интересно е да се одбележи дека сите имиња се чисто македонски, што значи дека македонското население, како и управата на манастирот, не почитувале никакво туѓо влијание, што во тој период и подоцна, уште како беа својствени за одделни заинтересирани држави на Македонците да им налагаат нивни имиња согласно со нивните идејни и политички цели. Во овој ракопис во основа се внесени податоците за доградување, изградување, проширување на нови објекти околу манастирот, како и за учеството на македонските верници. Хартијата е дебела и груба во формат 34×24,5 со 120 листови. Првиот лист е колориран со интересни минијатури. Повезот е од дрво во кожа.

Втората книга е „Кодика свјаштеннѧ благочестивыа, обители честнаго Предтечи. . . Роукою смиреннеишаго Іωанна Хармосина 1863, аугуста 10. "...Хартијата е 33×22 см со 199 листови. Повезот е од дрво и во кожа.

Трета ракописна книга е „Поменик устроен по желанию господина Дамаскина родом Лесковчанина во времјѧ настојателѧ архимандрита Іωакима, а написан бысть Космою Симеоновичем слугою дебрскаго монастирѧ Быгора светаго Іωанна Предтечи во лето 1857, април 2". Хартијата на оваа ракописна книга е 23×18,6 см, со 22 листови, а на третиот лист е записот за постанокот на книгата. Во оваа книга, всушност, се забележани сите помени на градовите, селата, еснафите без да се пишуваат имињата на приложниците.

И четвртата книга е слична на претходната, која носи име „Помѧник вечныи" преписан вь лето 1868, декемвріѧ. Големината на хартијата е 22,5×15,5 см со 35 листови. Во оваа книга поименично се набележани фамилиите на приложниците. Меѓу нив се споменуваат, како приложници, и имињата на Александар Караѓорѓевиќ и кнез Милош Обреновиќ со нивните фамилии, и тоа од 1837 година. Записите на имињата се движат до 1939 година. Повезот е тврд и во кожа.

Како петта книга е „Четвороевангелието", со 40 тетратки, односно околу 320 листови, а хартијата е 32×21,5 см. Оваа книга е во ракопис и српска рецензија, и тоа од средината на XVI век. Во почетокот на еван-

гелието е колорирано со знаменца, како и со иницијали на евангелистите, на предисловијата и оглавленијата.

Шестата книга е Одломка од Празничниот минеј. Хартијата е 32×22 см, со 31 лист, српска рецензија од XVI век. Ги содржа службите на „Воздвижение чьстнаго Крьста, 14 септември. Зачетие на Іωанна Предтече и Преставление на апостолот и евангелистот Јован Богослов — 26 септември". Ракописот е вондредно оштетен и нема повез.

Седмиот ракопис е „Отачник" („Патерник"), хартија 31,5×21,5 см. Српска рецензија од средината на XVI век. Има 35 тетратки, односно со 280 листови. Ракописот е целосен и добро зачуван со повез од дрво и кожа.

Осмиот ракопис е „Канωнь светому Іωанну Предтечи". Хартијата е 7×12 см со 16 листови. Книгата е препис од руски оригинал од XIX век, и тоа на македонски јазик. Повезот е картон во кожа.

Деветтата книга е „Часослов" на локален македонски јазик од српска рецензија од првата половина на XVIII век. Хартијата е 14,5×10,5 см со 99 листови. Во почетокот на составот има примитивни знаменца. По Часословот има и Тропари воскрсни и дневни. Повезот е картон во кожа.

Десеттата книга е „Начало сказаніѧ за покаѧние чловеческо". Хартијата на ракописот е 16,5×10 со 154 листови на македонски јазик. Во оваа книга се внесени и следните ракописни текстови: „Митарства", „Слово заради страшен судь божіи и второе пришествіе Христово", „Слово на Воздвиженіе честнаго Креста господѧ", „Краткое списаніе на светите дваесет монастири заради поклониците што идат на свѧта Гора и за други што желает да знает чудесиѧ што се по светогорските монастири". Оваа книга е поврзана со картон во кожа.

Посебен интерес претставуваат и четирите ракописни книги што се пронајдени во манастирот Св. Пречиста Кичевска.

Првата од овие книги е „ВЕЧНЫИ ПОМѦНИК на обител „Пречиста Кърнинно" преписан од старо на ново во времѧ настоѧтелѧ игумена и архимандрита отца господина Софрониѧ. Преписано од В. Икономов презь 1885 година, февр. 23". Хартијата е 2,05×16,5 см со 25 полни листови со текст. Во овој Поменик се забележани имињата на приложниците, почнувајќи од архиерејот Мелетие Дебарски, Антим Кичевски и митрополитите Панарет и Партениј. Во книгава има и записи од разни села до 1933 година. Повезот е од картон во црна кожа.

Втората книга е „СПОМЕНИК МОНАСТИРСКИ НАРИЦАЕМАГО КЕРНИНО ХРАМ БЛАГОВЕШТЕНІЕ пресвѧтыѧ Богородицы на 1883 месец октомвриа 24". Оваа книга има 36 ракописни листови, а хартијата е 21×16,5 см. На првиот лист е интересен и следниот запис „Преписасѧ сіѧ великаѧ парусиѧ от старо на ново во времѧ смиренаго оца и игумена Симеона архимандрита со повелением его во лето Христово 1864 февруариа 25 ". Забележано е дека имињата на приложниците почнуваат од Неофит, кој бил како монах. Повезот е од картон во црвена кожа.

Третата книга е „СЛУЖБА СВЕТОМУ НАУМУ ОХРИДСКОМУ" која ја има пишувано свештеникот Ѓорѓи поп Анѓелов од Слатино,

Охридско, февруари 1904 година. Преписот е извршен од руски на македонски јазик. Хартијата е 21×16,5 см. Повезот е од картон во црвена кожа.

Четврта книга е „ПРАВИЛО ИЖЕ ВО СВЕТИХ ОТЦА НАШЕГО СПИРИДОНА ЧУДОТВОРЦА ЕПИСКОПА ТРИМИФУНСКОГА". Хартијата е 20,7×17 см со 12 полни листови. Во оваа книга е интересен записот „Сѧ служба от свѧтителѧ, Спиридона подарѧвам во храм св. великомученика Георгиѧ. Исписах аз многогрешныи Василіи А. Икономов учител вь с. Лазарово Поле 1886 година априліи 7".

Овој учител и препишувач, со своето културно просветно влијание, има одиграно посебна улога во животот на овој манастир и на населението од овие краишта за што говорат и овие негови преписи.

Овие ракописи преставуваат посебен интерес како за културата, така и за политичката и економската историја. Македонското население, учествувајќи со прилози во овие и други манастири и цркви, всушност водело перманентна борба за одржување на македонската самобитност. Овде, во овие ракописни книги, можат да се најдат интересни податоци за топономастиката и етнографијата, а посебно за економската историја. откога ќе се извршат потребните конзерваторски работи, целосните проучувања ќе ги дадат потребните резултати.

Ова е само еден многу бегол опис, а што се крие зад овие и други податоци, научните и стручни работници ќе го дадат својот последен збор. Повеќе ракописи се добро цртани со орнаментика. За жал, некои од нив се многу оштетени од забот на времето, бидејќи за овие ракописи не се знаело дека овде постојат.

Секако, овие ракописни книги ќе го зголемат културното богатство на старословенски ракописи во Македонија, а наедно и ќе послужат за постојната изложба на ракописите што треба да биде поместена во древниот Охрид.

*К. ПЕТРОВ*

## УЛОГАТА НА МЕЦЕНАТСТВОТО НА МЕДИЧИТЕ ЗА РАЗВИТОКОТ НА РЕНЕСАНСНАТА УМЕТНОСТ ВО ФИРЕНЦА

Сосем е основана констатацијата дека уметноста во Фиренца веќе имала својствен израз и значајно место во културата на градот доста време пред да премине власта во рацете на фамилијата Медичи. Но исто така е беспорен и фактот дека врз ова разновидно уметничко богатство меценатството на Медичите создаде поволни материјални околности за расцут на ренесансната уметност во Фиренца.

Уште во периодот на романиката, далеку пред Медичите да станат значајна фамилија, во самоуправната Фиренца се создадени значајни споменици. Меѓу нив е големата октогонална крстилница,